Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 01.02.2020

На 01.02.2020 во 01.30 часот на ул.„Австралиска", полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода С.П.(32) и И.Б.(28), и двајцата од Скопје, затоа што при претрес во домот на првопријавениот, извршен со судска наредба, кај нив била пронајдена марихуана и прашката материја. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.01.2020 околу 16.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул. „Јане Сандански" во Скопје, З.М.(59) и Г.М.(34), двајцата од с.Љубодраг, кумановско, физички го нападнале Ж.К.(50) од Скопје, вработен во Градски паркинг Скопје. Според пријавеното, причина за физичкиот напад било нивното незадоволство од платената казна за непрописно паркирање. Лицата се обезбедени и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.01.2020 во 13.35 часот во СВР Охрид било пријавено дека на ул .„Даме Груев" во Охрид, Б.С.(59) од Скопје, додека управувал велосипед, изгубил контрола и паднал на коловозот, при што се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Болницата „Св.Еразмо" за укажување на лекарска помош. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од СВР Охрид.

На 01.02.2020 околу 02.20 часот пред угостителски објект на ул.„Бранко Заревски" во населба Драчево – Скопје, полициски службеници ги лишиле од слобода С.А.(48) и Г.В.(49), и двајцата од Скопје, поради физички напад и спречување на полициските службеници при преземање на службени дејствија. Лицата се предадени на полициски службеници од Полициска станица Драчево и по целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветени поднесоци.

На 31.01.2020 во 21.10 часот во близина на паркинг „Милетково", на автопатот Гевгелија – Демир Капија, бил лишен од слобода С.А.(25) од с.Студеничани, скопско, кој управувал патничко возило „фолксваген фејтон", со регистарски ознаки од друго возило, бидејќи при контрола од полициски службеници во возилото биле пронајдени 14 лица-мигранти (12 од Авганистан и двајца од Сирија). С.А. и лицата-мигранти се предадени на полициски службеници од СВР Струмица за понатамошна постапка.

На 31.01.2020 во 16.00 часот во Полициската станица Аеродорм, М.Т.(73) од Скопје пријавил дека на ул.„Венјамин Манчуковски" бил каснат од куче скитник во пределот на левата подколеница.

На 31.01.2020 во 13.00 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје" бил лишен од слобода Р.С.(27) од Р.Косово, кој при пасошка контрола приложил патна исправа на име од С.И.(24) од с.Арачиново, скопско, и по негово кажување илегално влегол во Р.С.Македонија од Р.Косово. Лицето е предадено на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал и миграција - Скопје за понатамошна постапка.

На 31.01.2020 во 18.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, С.Л.(20) од Скопје пријавила дека на ул.„Ѓорѓи Сугаре" била касната од куче скитник во пределот на десната надколеница.

Полициската станица Гевгелија поднесе кривична пријава против А.Н.(20) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторена кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 13.07.2019 во сендвичарница во Стар Дојран, А.Н. му продал метилен диоксиметаамфетамин на И.М. (30) од Валандово.

На 30.01.2020 во 20.10 часот на ул.„Страшо Пинџур" биле лишени од слобода Е.Љ.(28), М.Љ.(53), и двајцата од с.Порој, тетовско, Б.Ф.(35) од с.Мала Речица, тетовско, и Е.Л.(37) од Тетово, поради нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка, а по претходна расправија, помеѓу Е.Љ. и М.Љ., од една страна, и Б.Ф. и Е.Л. од друга страна. Во физичката пресметка Е.Љ. употребил остар предмет, додека Е.Л употребил пиштол, за кој поседувал дозвола. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Тетово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.01.2020 во с.Трипатанци, пробиштипско, Т.С.(23) од с.Трипатанци бил лишен од слобода, бидејќи на 30.01.2020 околу 23.00 часот, со изговор за заеднички брачен живот, извршил обљуба врз малолетничка, по што на 31.01.2020 во 12.00 часот пријавениот му се јавил на нејзиниот родител и му соопштил дека малолетничката ја однел во својот дом. По целосно документирање на случајот, против Т.С. ќе биде поднесена кривична пријава по член 188 од КЗ.

На 31.01.2020 полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.А.(62) од с.Марино, поради тоа што во близина на Аеродромска база Брест запалил ѓубриште. По добиената пријава во 13.40, на местото на настанот излегле полициски службеници од Полициско одделение Петровец и го затекнале М.А.. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. По целосно документирање на случајот, против сторителот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 31.01.2020 во 10.40 часот во СВР Скопје, М.С.(66) од Скопје пријавил дека на ул.„Руџер Бошковиќ" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 31.01.2020 во 16.30 часот во СВР Скопје, О.С.(35) од Скопје пријавил дека над Шумско стопанство Караиџа настанал пожар, при што била опожарена сува трева. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 01.02.2020 во 03.10 часот во СВР Скопје, Д.П.(22) од Скопје пријавил дека околу 02.45 часот пред угостителски објект на ул.„Бранко Заревски", поради меѓусебно нетрпение, бил физички нападнат од Х.А.(21) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.13 од ЗППЈРМ.

На 31.01.2020 во 21.00 часот во СВР Куманово, Ј.К. пријавил дека на паркинг простор на ул.„Октомвриска револуција" во Куманово, непознати лица фрлиле запалива течност. На местото на настанот излегле полициски службеници од СВР Куманово, каде од В.Т.(26) од Куманово им било пријавено дека на истото место, околу 21.00 часот, неколку лица физички го нападнале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.01.2020 во 14.30 часот во Полициска станица Прилеп, М.М.(24) од с.Лажани пријавил дека околу 13.20 часот на ул.,,Браќа Ламески", по претходна расправија, бил физички нападнат од С.А. и А.У. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.01.2020 околу 12.30 часот во СВР Штип било пријавено дека во двор на ОЈУДГ „7 Септември" во Пехчево, по претходна расправија, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Р.(31) и Ч.Х.(50), двајцата од Пехчево. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.01.2020 во 17.30 часот во СВР Струмица, К.К.(61) од Струмица пријавила дека околу 14.30 часот била физички нападната од двајца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.01.2020 околу 09.20 часот во СВР Струмица било пријавено дека настанал пожар во погоните на четири фирми на ул.„Климент Охридски". Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Струмица. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Струмица и од Дирекцијата за заштита и спасување. За настанот е запознат и Јавен обвинител.

На 01.02.2020 во 04.30 часот во СВР Струмица, Ѓ.Ј.(22) од с.Ново Село, струмичко, пријавил дека околу 04.00 часот пред угостителски објект во Струмица, поради претходна расправија, бил физички нападнат од Е.Б. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.01.2020 околу 10.45 часот во СВР Велес, С.Р.(21) од Велес пријавил дека на ул.„Киро Рогужаров", на место викано „Соколана", поради недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.01.2020 во 15.02 часот во СВР Велес било пријавено дека од Општа болница Велес околу 13.00 часот се оддалечил Т.К.(56) од Велес, кој бил донесен на лекување. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 31.01.2020 во 17.53 часот во СВР Велес, Л.Т.(53) од Кавадарци пријавила дека на ул.„Питу Гули" дошло до физичка пресметка помеѓу О.Т.(54) од Кавадарци и Б.Т(51) од Ваташа, при што истите биле лишени од слобода. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.01.2020 во 20.20 часот во СВР Тетово, двајца 17-годишни малолетници, заедно со нивните родители Г.А.(43) и М.П.(43), сите од Тетово, пријавиле дека околу 17.30 часот во близина на средно училиште во Тетово, двајцата малолетници, по претходна расправија со нивни соученици, биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.02.2020 во 01.30 часот во СВР Тетово Ф.Е.(18) и 17-годишен малолетник, и двајцата од Тетово, заедно со нивните родители, пријавиле дека околу 01.00 часот, на крстосница помеѓу ул.„ЈНА" со ул.„Илинденска" во Тетово, биле физички нападнати од М.С., со кого се познавале од претходно, и од неколку лица на возраст од 16 до 20 години. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.01.2020 во 17.00 часот во СВР Скопје, К.Б.(18) од Скопје пријавил дека на ул.„Перо Наков", во близина на кеј на реката Вардар била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.